УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026

проф. д-р Горан Ајдински

Скопје, мај 2023

**Содржина**


Вовед ........................................ 3

Стратешки определби и организација на Универзитетот ........................................ 5

Студенти, студиски програми и обезбедување квалитет ........................................ 7

Наука, истражување и уметничка работа ........................................ 9

Меѓународна соработка ........................................ 10

Финансии, инвестиции и развој ........................................ 10

Заклучок ........................................ 13

## Вовед

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како најстар и најголем државен универзитет, како во минатото, така и денес зазема клучно место во образовниот и научноистражувачкиот простор на нашата држава. Неговиот развој во изминатите повеќе од седум децении, е детерминиран од различните услови, околности и специфичности во развојот на државата. Неговата зацртана мисија и визија на функционално интегриран универзитет кој ги развива образовната, научноистражувачката и уметничката работа биле отсекогаш негов основен белег за препознатливост во заедничкиот образовен простор во земјата и надвор од неа. Улогата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како високообразована установа во која се едуцираат најголемиот број од младите во државата ја потенцира одговорноста не само за сопствениот развој и квалитет, туку и општествена одговорност во развојот на државата.

Во таа насока мора да се напомене, дека Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во последните години е соочен со дивергентност во настојувањата и заложбите на вработените за зачувување на позициите кои што се градени со децении и тоа што реално се случува на Универзитетот. Динамичните промени кои што се случуваат во европскиот високообразовен и истражувачки простор, бараат сериозен пристап, сеопфатни анализи со вклучување на целиот висококомпетентен кадровски потенцијал на Универзитетот, но истовремено и флексибилност во функционирањето, заради нашата посилна интернационализација, препознатливост и позиционирање на Универзитетот во тој простор.

*Силни универзитети за силна Европа*, не е случајно мото. Силните универзитети отсекогаш биле и ќе бидат основните двигатели на позитивните промени во секое општество. Граѓаните ги чувствуваат придонесите од силниот универзитет, преку едуцирани стручњаци кои треба да бидат столбот на прогресот во иновациите, во науката, во спортот и во сите сегменти на едно современо општество.

Предизвикот да се пишува Програма за кандидат за ректор на најголемиот и најстариот универзитет во државата - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, не е само предизвик, туку и голема одговорност, особено ако треба да се понудат решенија за повеќе тековни и системски проблеми. Секогаш кога се пишува програма, ректорот, проректорите и целиот менаџерски тим е исправен пред предизвикот, колкава да биде програмата и што да опфати, но и какви се реалните можности и условите од една страна и нашата мисија и визија од друга страна. Исто така, во програмата за работа на еден комплексен и голем универзитет како што е Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, не може да се заобиколат основните факти – неговата традиција и значењето за државата, кои бараат голема внимателност во предложените програмски решенија, но и флексибилност, заради тоа што без неа би го изгубиле чекорот со динамичните промени во регионалните и пошироки рамки.

Затоа, негувањето на традициите, тежнеењето кон квалитет и развој, слободната мисла, чувањето на автономијата и интегритетот на нашата alma mater - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како единствена функционална, неделива, академска и високообразовна целина и силен столб на државата, е основен темел на предложената програма, која е пред вас.

Предложената програма нема интенција да ги претставува европските стратегии и компарации со поразвиените системи, затоа што тоа, сите добро го знаеме. Нашата цел е да се најде добар баланс меѓу желбите и можностите и со заедничи напор на сите чинители, УКИМ да стане препознатлив креатор на нови вредности и највисоки стандарди во науката и наставата, не само на национално, туку и на меѓународно ниво. Притоа, силно ќе се залагаме за почитување на принципите на етиката, транспарентност во работењето, одговорноста, интегритетот на професорите и нивната еднаквост во системот на академската заедница.

Сигурно е, дека предложената програма за работа во наредниот тригодишен период не е нешто кое што не може да се менува, туку таа е флексибилна материја, сублимат од согледувања за состојбите, идеи и предлог решенија и отворена е за предлози и критики, затоа што промените во Универзитетот треба да бидат насочувани од идеите на нашите професори, вработени, и на тие кои што се нашата смисла за постоењето – нашите студенти кои што се носители на иднината во нашата држава.

Почитувани колешки и колеги, драги студенти, сите сме свесни дека било која програма, самата по себе нема да ги реши наталожените проблеми, но таа треба да биде патоказ, со заеднички сили и залагања да го вратиме УКИМ таму каде што припаѓа - меѓу најдобрите европски универзитети, а на професорите да им го вратиме достоинството на титулата универзитетски професор.

Во предложената програма се претставени основните насоки за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за периодот 2023 – 2026 година, во клучните сегменти:

- **Стратешки определби и организација на Универзитетот**
- **Студенти, студиски програми и обезбедување квалитет;**
- **Наука, истражување и уметничка работа;**
- **Меѓународна соработка и**
- **Финансии, инвестиции и развој**

## Стратешки определби и организација на Универзитетот

Во 2018 година беше донесен новиот Закон за високото образование, со кој државата ја гарантира автономијата на Универзитетот, што е основно начело во универзитетското постоење и работа. Но, за жал, практиката во последниве години покажува дека тоа не е доволно. Имено, на Универзитетот му се потребни раководни структури кои што ќе ја почитуваат автономијата внатре во Универзитетот. Моделот на раководење кој што ќе функционира на Универзитетот, ќе почива на легитимитетот кој што на ректорот му го дава секој поединец од универзитетската заедница. За да се обезбеди таквиот однос, пред сè ќе ја промениме наметнатата перцепција за функцијата ректор и за местото и улогата на Ректоратот. Ректорот, проректорите и Ректоратот ќе бидат сервис на студентите и вработените, а не обратно. Градењето култ на одредени позиции во Универзитетот што за жал стана дел од системот и начинот на менаџирање, не е и не може да биде во насока на подобрување на неговата функционалност и развивањето на слободата и интегритетот на мислата, и затоа, одлучно ќе се спротивставиме на секоја девијација од таков карактер.

Без оглед на тоа што со Законот за високото образование од 2006 година Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се трансформираше во функционално интегриран универзитет, функционалната интеграција е постојано актуелен процес кој што треба да се одвива во континуитет и со динамика која ќе биде од заеднички интерес на сите членки на Универзитетот, почитувајќи ја спецификата, разновидноста и комплексноста на Универзитетот.

Современото општество денес е трансформирано во општество на знаење и неговиот развој примарно зависи од дисеминација на знаењето и компетенциите на високообразованиот кадар. Во контекст на развојот на науката, современите технички и технолошки достигнувања, иновации и сл., Универзитетот како дел од мрежата на високото образование и наука, не може да остане индиферентен на случувањата и промените. Напротив, секоја промена надвор од Универзитетот, го става Универзитетот пред нов предизвик да се адаптира, навремено да одговори на промените и да биде во чекор со современите достигнувања, за што е неопходно тој постојано да ги развива и зајакнува своите материјални ресурси и човечкиот потенцијал.

Организацијата на работењето според принципите на автономен интегриран универзитет, кој ќе ги заштитува и ќе ги одржува академската слобода и автономија и ќе се грижи подеднакво за сите негови членки, останува отворено прашање во кое што секогаш има простор за подобрување. Затоа, во нашето работење секогаш ќе ги почитуваме спецификите на членките на Универзитетот, ќе ги негуваме различноста и основните принципи на солидарност користејќи го целокупниот потенцијал за заеднички напредок.

Во таа насока, согласно меѓусебното договарање, разбирање и меѓусебно почитување, Универзитетот ќе го развиваме врз база на транспарентно утврдување на заедничките интереси и приоритети со користење на механизмите на интегративните функции и финансии и ќе настојуваме да обезбедиме што е можно повоедначен развој на факултетите и институтите. Покрај другото, ќе воспоставиме:

- **компјутерско поврзување на единиците на универзитетот,** во единствена комуникациска и функционална целина, за праќање, размена и складирање на податоци, со што ќе се олесни административното работење;

- **подобрување на универзитетските капацитети** и заеднички понуди за услуги, анализи, експертизи, истражувачки проекти на нарачатели од бизнис заедницата, стопанството, јавниот сектор и други нарачатели надвор од Универзитетот;
- **функционално поврзување** и максимално искористување на потенцијалот на факултетите, научните институти и придружните членки во Универзитетот, заради остварување на поквалитетна високообразовна, научноистражувачка и апликативна дејност;
- **основање на универзитетски фондови и канцеларии** (фонд за поддршка на талентираните студенти и младиот истражувачки кадар на Универзитетот, Канцеларија за поддршка на центрите за трансфер на технологија, Одделение за проекти и инвестиции).

За да се остварат предвидените стратешки цели, ќе водиме сметка за рамномерен развој и поддршка на универзитетските единици. Главна наша заложба и обврска ќе биде:

- **вработување на млад академски кадар и зајакнување на кадровскиот потенцијал;**
- **покачување на платите на наставниот кадар и администрацијата**;
- **обновување и јакнење на просторните капацитети**;
- **обнова на научноистражувачката опрема**;
- **зајакнување на компетентноста за аплицирање на меѓународни проекти**;
- **постојано подобрување на дигитализација на работењето**;
- **развој на заеднички образовни програми и интердисциплинарноста во наставата и истражувањето;**
- **подобрување на условите на вработените за професионален напредок и развој.**

За да може Универзитетот да ја реализира својата интегративна функција ќе ја зајакнеме улогата на Сенатот како орган на управување на Универзитетот. Во тој контекст нема да се сложиме со најновите предложени измени на Законот за високото образование кои предвидуваат одземање на управувачката функција на Сенатот и наставно-научните совети на факултетите, бидејќи тоа е директна девалвација на транспарентноста во одлучувањето.

Последниве години во светот се случуваат промени, кои што не ја одминуваат ниту нашата држава. Овие промени меѓу другото се рефлектираат и во бизнис секторот. Досегашната практика на индиферентност на Универзитетот за различни прашања, покажа дека е потребно итно зајакнување на нашата позицијата како активен чинител во креирањето на јавните политики поврзани со бизнис секторот и претприемништвото во насока на подготовка на компетентен кадар за пазарот на трудот. За таа цел, во делот на организацијата на Универзитетот, ќе формираме посебно тело од наши компетентни професори, за следење на усогласеноста на образовните профили со реалната потреба на пазарот на трудот, посилно поврзување со стопанството, разработка и предлагање на флексибилни студиски програми преку зголемување на изборните предмети кои што брзо ќе можат да се прилагодат на промените и потребите и сл. Во таа насока, на законодавачот ќе му предложиме да се направат измени во законските и подзаконските акти, за враќање на можноста која што ја имаше во високото образование, наставникот да може да направи интервенција во наставните планови и програми во обем не повеќе од 30% со одлука од наставно-научниот совет, без повторна акредитација на програмата. Со тоа брзо би се

адаптирале и Универзитетот би можел брзо да одговори на динамичните промени во науката и новите научни, технички и технолошки сознанија.

Една од основните стратешки определби за секој добар универзитет е да се подобри довербата и да се подигне квалитетот во сите сегменти на неговото работење. Затоа:

- ќе ги подобриме правните рамки за спречување на корупција, дискриминација и кршењето на етичките начела во академската средина;
- ќе го отвориме повеќе Универзитетот кон јавноста, како и Ректоратот кон едниците на Универзитетот;
- ќе ја вратиме практиката за јавно објавување на универзитетските акти во Универзитетскиот гласник, затоа што во крајна линија статутите, правилниците и другите акти се наменети за сите вработени на Универзитетот;
- постојано ќе ја засилуваме функционална интеграција на Универзитетот со почитување и зачувување на правниот субјективитет на единиците.

## Студенти, студиски програми и обезбедување на квалитет

Студентите се суштината на постоењето на универзитетот. Затоа, задолжително ќе водиме сметка за сите фактори и потреби на студентите кои што се важни за квалитетно студирање и студентски живот (сместување, исхрана, здравствена заштита, квалитетни читални, библиотеки, работа со талентирани студенти, итн.).

Студентските домови согласно законот се посебни правни лица и не се дел од Универзитетот. Но, без огледа на тоа, во нив студентскиот живот го поминуваат нашите студенти и затоа ректорот и универзитетските органи континуирано ќе се залагаат пред надлежните министерства и ќе инсистираат на подобрување на условите и сместувачките капацитети во студентските домови, со што студентите ќе добијат максимален квалитет на студентскиот живот.

Во рамките на Универзитетот ќе го поддржуваме и респектираме студентскиот глас, еднаквоста, недискриминацијата и инклузијата на секој студент. Комисијата за студентски стандард при Универзитетот, во иднина ќе има проактивна улога во насока на поставување и следење на овие политики, со кои што ќе се идентификуваат потребите на студентите, а на студентите со попреченост ќе им се обезбеди системска поддршка во нивното студирање.

Студентите треба да бидат активни субјекти во високообразовниот процес, затоа ние ќе обрнеме особено внимание и континуирано ќе го поттикнуваме индивидуалниот приод и интерактивната настава, преку што ќе биде препознаен талентот, креативноста, вештините и компетенциите на секој поединец. Во севкупните активности на Универзитетот во овој дел, приоритет ќе ни биде подобрувањето на наставата, студирањето и студентскиот стандард преку повеќе форми и активности:

- зголемување на кадровската покриеност, просторните услови и опременоста на единиците;
- интеграција на библиотечниот и книжен фонд на единиците на Универзитетот во функционална целина достапна за сите студенти;
- зголемување на издавачката дејност, како и постојано јакнење на електронските книжни содржини;

- континуирана анализа на студиските програми и соодветната успешност на завршените студенти на пазарот на трудот преку алумни асоцијациите и други форми и механизми;
- директна комуникација и поврзаност со работодавачите, стопанството, домашните и странските фирми со соодветните членки на Универзитетот;
- вклучување на дипломираните студенти во системот на доживотното учење;
- вклучување на студентите во истражувачката и уметничка работа со што ќе им се помогне во личниот професионален развој;
- создавање атмосфера во која што ќе се цени знаењето и резултатите;
- поттикнување на критичкото мислење на студентите;
- максимално користење на предностите на информатичката технологија со што на студентите ќе им се овозможи олеснување во добивањето на сите административни услуги на Универзитетот, но и информации кои што се од интерес за студентите, нивното информирање и студентскиот живот;
- поттикнување на развојот на универзитетскиот спорт и инфраструктурата поврзана со него;
- иницирање постапка пред надлежното министерство за развивање и финансирање на програми за менторска работа со талентираните студенти;
- зголемување на соработката со што е можно повеќе компании, Стопанската комора на Северна Македонија, стручните здруженија, со активно вклучување на студентите во практикантска работа;
- зголемување на мобилноста на студентите како клучен фактор за стекнување на нови искуства и зајакнување на компетенциите, при што ќе разработат модели за поголема мобилност на студентите во рамките на Универзитетот, на национално и меѓународно ниво;
- ќе се вложат максимални напори за изведување на што поголем број на студиски програми на странски јазик;
- континуирано ќе се следи квалитетот на наставата преку процесот на самоевалуација и евалуација, која што ќе се усовршува и проширува во насока преку следење на повеќе параметри за да се подигне квалитетот.

Постдипломските и докторски студии на Универзитетот постојат години station наназад, во различни облици на организирање (на почетокот како класични докторски студии, а од 2009 година преку Универзитетска школа за докторски студии). Универзитетот располага со голем број квалитетни програми, додека кога станува збор за истражувачка опрема, постојат разлики во опременоста кај различни единици. Заради рационално користење на опремата, заради подобра конкурентност на пазарот на трудот и заради современите светски тенденции, во иднина колку што можеме повеќе и таму каде што условите тоа го дозволуваат, ќе се насочуваме кон интерцисциплинарни програми.

За успешно и рационално истражување на докторските студии, посебно внимание ќе обрнеме на тријадата универзитет – стопанство – држава. Ќе инсистираме преку постоечкиот Совет за високото образование или преку соодветните министерства, да се направи програма за финансирање на докторските истражувања. Финансирањата би биле

преку јавни конкурси, со теми за истражување кои би биле од интерес на финансиерот на истражувањето (правни субјекти од бизнис секторот, соодветни министерства кои имаат потреби од истражувања поврзани со развојот на државата и сл.). Со тоа, на докторандите би им се овозможило финансирано истражување, а стопанството или државата би биле корисници на добиените резултати за општото добро.

## Наука, истражување и уметничка работа

Познато е дека финансирањето на научната дејност од страна на државата со години е на многу ниско ниво. Со сите сили ќе продолжиме да се бориме за добивање на поголеми средства за истражување, но паралелно со тоа ќе бараме и дополнителни извори, како меѓународни проекти и фондови, апликативни услуги на јавниот сектор и поврзување со стопанството. Заради зголемување на ефикасноста, рационализација и поголема успешност, секаде каде што е можно, во аплицирањето на меѓународните проекти, ќе ги поддржуваме заедничките настапи на единиците на Универзитетот.

Наша заедничка желба е еден ден нашата држава да се вброи во редот на технолошко развиени држави, во која што сите млади ќе ја гледаат својата иднина, затоа на различни начини ќе ја подигаме општествената свест за потребата од инвестиции во науката. Преку заеднички состаноци, организирање трибини и подигнување на прашањето на повисоко ниво, треба постепено да ја менуваме свеста и на стопанските субјекти без оглед на нивната големина. Стопанските субјекти, треба да го најдат својот интерес и да инвестираат во научните истражувања на Универзитетот, согласно своите можности. Европската и светска практика покажува, дека колку што е некоја земја поразвиена, толку е и поголем уделот на стопанството и индустријата во полнењето на научноистражувачките фондови на државата. За таа цел, на Универзитетот ќе формираме посебно тело кое што ќе биде мост меѓу универзитетот и стопанството.

Универзитетот, пред сè треба да биде институција која што придонесува за општествениот напредок во државата, но сепак меѓународното рангирање е меѓународно легитимирање на Универзитетот, кое што пак е поврзано со позиционирање на Универзитетот во европските и светските истражувачки мрежи, фондови и фондации. Затоа, ќе настојуваме да ја зголемиме препознатливоста на Универзитетот на релевантните ранг листи преку доследна примена на нашите стратешки определби. Денес во светот постојат голем број на институции кои што вршат рангирање и имаат свои ранг-листи, меѓу кои најпознати се Schangai, QS World University Rankings, Times Higher Education Ranking, Scimago, CWUR, Multiranking, RUR, AD ranking, Webometrics итн. Евидентно е дека во последниве години Универзитетот има пад на повеќето листи. Но, и покрај тоа до сега не е иницирано ниту еден состанок или дебата на ниво на Универзитетот за да се лоцираат и другите проблеми кои што доведоа до оваа појава, покрај лошото финансирање на науката. Во таа насока ќе преземеме мерки со пошироки консултации и транспарентни дебати со сите заинтересирани кои што ги познаваат системите и методологиите на рангирање, за точно лоцирање на проблемите и давање на предлог решенија.

Кога станува збор за неопходноста од објавување на трудови во домашни и меѓународни списанија со фактор на влијание, ќе се води сметка и за дејностите кои својот квалитет не можат директно да го мерат преку факторот на влијание (спорт, уметност, литература, јазик, историја, филозофија, историја на уметност, педагогија), а кои се од огромно значење за Универзитетот и државата.

## Меѓународна соработка

Меѓународната соработка е од посебно значење за развојот и афирмацијата на Универзитетот надвор до државата. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ како најстар во државата има развиено долгогодишна соработка со повеќе европски и светски универзитети. Со оглед на неопходноста од следење на научните и образовните современи трендови и засилување на нашата компатибилност и препознатливост, меѓународната соработка ќе биде фокусирана на понатамошна партиципација во европските програми и мрежи на мобилност (Erasmus+, CEEPUS и др.) и поттикнување на мобилноста на студентите, наставниците, соработниците и истражувачите. Ќе настојуваме да се отворат нови програми со заедничка или двојна диплома (joint degree и double degree) и да се направат обиди да се обноват програмите кои што веќе не функционираат, преку обновување и продлабочување на соработката со партнерските универзитети и вклучување на странските професори во наставата на нашиот универзитет (визитинг професори). Исто така ќе ја продолжиме соработката со партнерите во рамките на UNESCO, UNICA, EUA и др., како и соработка со универзитетите во Европа и светот.

На ниво на Универзитет ќе донесеме правни акти, кои што формално-правно ќе ја олеснат директната соработка на факултетите и институтите со партнерите од странство.

Една од задачите во зајакнувањето на меѓународната соработка ќе биде екипирање на службата за меѓународна соработка која што ќе може ефикасно да одговори на потребите на единиците. Меѓу другото, обврска на Одделението за меѓународна соработка и планираното Одделение за проекти во Ректоратот ќе биде давањето техничка и административна помош во подготовката на апликациите за проекти во европските фондови.

Во насока на почитување на правниот субјективитет на единиците, Ректоратот во иднина ќе ги прифаќа и поддржува сите предложени проекти за кои што има позитивна одлука од наставно-научниот или научниот совет.

Во наредниот мандатен период ќе ја засилуваме мултилатерална соработка која што има стратешко значење, во пошироката препознатливост на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Со оглед на улогата, поврзаноста и меѓузависноста на меѓународните академски заедници, како и неопходната потреба за создавање и развивање на научни, технолошки и образовни иновации, ќе ги користиме сите досега воспоставени контакти, но ќе воспоставиме и нови контакти со други универзитети за покренување на иницијативи за меѓусебна соработка со конкретни заеднички студиски и истражувачки програми.

Со заеднички сили на сите чинители во процесот, ќе настојуваме преку подобрување на квалитетот и развивање на специфични знаења и вештини поцврсто да се етаблираме во регионални и пошироки рамки, со привлекување на потенцијални корисници на нашите услуги (странски компании кои веќе работат или планираат да отворат и основаат фирми или да градат производствени погони во нашата држава, за кои што ќе се едуцира кадар).

## Финансии, инвестиции и развој

Еден од основните столбови на универзитетска автономија треба да биде располагањето со средствата. Финансирањето на дејноста на Универзитетот е според Законот и годишните програми за реализацијата на Програмата за високообразована дејност која се врши од Буџетот, додека пак студиските програми се финансирани од страна на Министерството за образование и наука и дополнително од студентските

партиципации. Без оглед на вака дефинираниот модел на финансирање, во пракса не постои јасен систем на финансирање на Универзитетот. Делумно причина за тоа беше и долгогодишното неформирање на Советот за финансирање на високото образование.

Во практика, Универзитетот се соочува со ограничени финансиски средства од буџетот за реализирање на наставниот процес, проблеми при кадровско обновување и нискиот дел од државата во платите на вработените. Нема дилема дека квалитетот на студирање на Универзитетот може да се подигне само со решен модел на финансирање и мотивирани наставници кои не се оптоварени со елементарни финансиски проблеми, во делот на своите работни обврски или својата плата.

Системот за финансирање безусловно треба да тргне од основниот принцип, дека високото образование не е потрошувачка дејност, како што некој го перципира овој сектор, туку долгорочно инвестирање во хуманите ресурси и иднината на државата. Повеќе пати досега, јасно и јавно напоменувавме дека е потребно јасно одвојување на буџетот за образование од буџетот за наука. Покачувањето на средствата за наука не можат да бидат супституција за платите на вработените, ниту обратно.

Потребно е годишните планови на единиците на Универзитетот кои ќе се интегрираат во единствениот годишен финансиски план на Универзитетот, да бидат појдовна основа за финансирањето. Исто така, потребно е конечно да се донесат јасни Предлог мерилата за финансирање на високото образование врз основа на индикатори за реално чинење на образованието на одредени профили, почитувајќи ја притоа нивната специфика (индивидуална настава, менторска настава, теренска настава, трошоци за лабораториски вежби, итн.). По примерот на развиените земји, ќе настојуваме принципот на финансирање да биде по пресметковен блок (тнр. *lump-sum*), со што Универзитетот ќе преземе задача на извршување на годишните планови во согласност со своите развојни планови.

Другиот проблем е финансиската автономија на Универзитетот, која што е суспендирана повеќе од дваесет години, со воведувањето на трезорското управување со средствата на Универзитетот. Имено, овој начин не обезбедува функционалност во реализација на исплатите на средствата од сопствените приходи на единиците на Универзитетот, со што се нарушува автономијата во неограниченото и слободно располагање со остварените средства од сопствените приходи на единиците, односно Универзитетот. Дополнително, системот е нарушен и нефункционален во делот на одобрување на плановите, затоа што тоа се прави по административен пат, без оглед на реалната состојба на финансиите со кои што располагаат единиците на Универзитетот и без респектирање на нивните планови и нивните потреби. Во наредниот период, силно ќе се залагаме ваквиот начин на трезорско управување со средствата да се промени, затоа што автономијата на Универзитетот подразбира и автономија во управувањето со средствата кои ги заработуваат неговите членки.

Без оглед на проблемите во финансирањето поврзани со начинот на финансирање, на Универзитетот мора да се работи со финансиска транспарентност. Досегашното работење на УКИМ беше нетранспарентно и подложно на влијание од одредени позиции, затоа, од особена важност е да се воведе транспарентен систем за сите приливи и да се анулира можноста за манипулации со единиците.

Дел од семејството на УКИМ се и факултетите од областа на уметностите, спортот и научните институти. Во рамките на УКИМ постојат факултети од областа на ликовните, драмските и музичките уметности, кои продуцираат висококвалитетен кадар кој е носител на уметничката дејност во Македонија. Соодветно, значењето е исто и на Факултетот за

физичко образование, спорт и здравје. Воедно, во УКИМ се вработени врвни научни работници и истражувачи кои котираат исклучително високо во светските бази на податоци. Овие единици и научници во своите области, исто така се репрезенти на УКИМ, во земјава, но и пошироко, со нивниот наставен кадар, студенти и алумнисти. Од јадрото на овие факултети потекнуваат кандидати за Оскар, врвни музичари, ликовни уметници, спортисти со врвни светски и престижни награди и успеси, и научни работници со светско реноме. Токму затоа, ќе се залагаме, за континуирана поддршка на активностите на овие единици и научни работници, кои пак преку нивната програма во рамките на наставната програма ќе бидат презентирани пред сите студенти и професори на УКИМ, но и пред пошироката јавност. Исто така, ќе вложиме максимални напори и ќе предложиме дополнителен начин на финансирање и негово законско регулирање.

Што се однесува до научните институти, за жал, во процесите на трансформација во 2007/2008 година дел од институтите ја задржаа својата самостојност и се финансираат директно од државата, додека дел пак, станаа членки на Универзитетот. Со организациско интегрирање во Универзитетот, Министерството за образование за овие институти го укина програмското финансирање, кое што всушност е основа за нивното основање, така што тие се наоѓаат во незавидна ситуација. Во таа насока, ќе инсистираме пред надлежното министерство, да продолжи програмското финансирање на научната работа на институтите.

Во делот на финансирање ќе продолжиме со решавање на едно од најважните прашања – платите на вработените. Универзитетот е јавен универзитет, основан за јавното добро, и затоа проблемот со платите мора да се реши со одржливо и трајно решение, врз основа на јасни регулативи и законски решенија. Платите на севкупниот кадар на УКИМ е под секое достоинство и таа состојба е константа веќе повеќе од две децении. Токму затоа, сметам дека е обврска на ректорската управа да го реши овој проблем. Убеден сум дека ректорската управа и обединувањето на двата синдикати за високо образование неминовно ќе даде резултати.

Вработувањето на млад кадар е хроничен проблем на Универзитетот кој го доведува во позиција на бесперспективност, а младите ги принудува да го продолжат својот развоен пат на други институции надвор од државата. Имајќи го предвид фактот дека многу квалитетни кадри волонтираат или се ангажирани со Договор на дело како демонстратори или асистенти долги години, а немаат никаква гаранција за нивно регуларно вработување. Во таа насока ќе се инсистира пред надлежните државни органи и министерства, за итна државна програма за вработување на најдобрите студенти на Универзитетот. Покрај тоа, се наметнува потребата и од интервенција во Законот за високото образование, со што би се регулирало по автоматизам примањето на нов кадар, по заминување на пензионирани професори од соодветната институција, односно ослободување на одредено место. Во суштина, ова не би требало да претставува проблем, затоа што местото веќе е финансирано од буџетот. Целата постапка која што сега се одвива, во крајна линија е некоректна, затоа што „ослободените средства“ од еден универзитет по основ на пензионирање или заминување од работното место, технички може да се искористат за вработување на кадар на друг државен универзитет, и тоа според проценка на Министерството. Практикувањето на оваа постапка години station наназад, доведе до сукцесивно намалување на кадарот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со решавањето на овој проблем, ќе се обезбеди долгорочна стратегија за развој на човечките ресурси на нашиот универзитет. Притоа, ова решение би било применувано како за наставниот кадар, така и за административниот и технички персонал на сите единици на УКИМ.

Инвестиционите и развојни програми во тригодишниот период ќе бидат насочени кон содржините од заеднички потреби во развивањето на дејностите на Универзитетот со кои што тој е препознатлив и успешен на домашен и меѓународен план, (пр. медицински, техничко-технолошки, биотехнички, општествени, природно-математички науки и сл.), кои што во транспарентна постапка ќе бидат договорени на ниво на универзитет, **да потенцирам, за сите наши членки**. Евидентно е дека голем дел од единиците на УКИМ работат во супстандардни услови. Тоа меѓу другото влијае на перцепцијата на идните студенти за нашиот универзитет, но и на продуктивноста на вработените и запишаните студенти. Иако двете започнати, но недовршени згради не се инвестиција на Универзитетот, сепак незалагањето за нивното завршување сведочат за пасивниот однос на досегашните раководни структури на УКИМ. Токму затоа, должни сме да најдеме соодветно решение со кое ќе се решат децениските проблеми на посочените институции. Во таа смисла, јас како ректор и проректорскиот тим ќе се залагаме Министерството за образование и наука да ги заврши започнатите згради, како и да ја стави во функција повеќенаменската спортска сала, со приоритетна листа на активности кои ќе доведат до решение на споменатите проблеми.

## Заклучок

Тргнувајќи од сето горенаведено, функцијата ректор на најстариот и најголемиот универзитет во државата - Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" не ја сфаќам само како чест, туку пред сè како голема обврска и одговорност. Предлагањето програма за работа на Универзитетот е сложена работа која секогаш предлагачот го става пред сериозен предизвик, затоа што програмата сама по себе не значи многу и таа ќе остане само текст на лист хартија, доколку не биде поддржана од најблиските соработници и од целата академска заедница, и доколку секој не го даде својот придонес во нејзиното остварување. Во неа, како и во секоја програма, за да ја постигнеме целта, треба да се стремиме кон поголеми остварувања и пред себе да си поставиме повисоки цели, но секогаш треба да бидеме реални и да го предлагаме она што можеме да го оствариме.

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" како најстар универзитет е еден од столбовите на државата и главен креатор на интелектуалниот потенцијал и на вредносните системи во образованието, науката и уметноста. Токму затоа, сите заедно, ќе настојуваме да го вратиме достоинството на Универзитетот кое што тој го заслужува.

*Почитувани членови на академската заедница, почитувани колешки и колеги, почитувани студенти, во програмата за работа на Универзитетот, која што е пред вас, направен е пресек на состојбата, реалните проблеми и визијата за идните развојни чекори на нашиот универзитет. Во реализацијата на оваа програма, подготвен сум да го вложам своето долгогодишно искуство и знаење како поранешен декан Филозофскиот факултет и професор на нашиот Универзитет.*

На крајот, сакам да потенцирам, дека програмата не е непроменлива, туку претставува основа за активна партиципација на целата академска заедница со идеи и предлози, заради нејзиното подобрување и нејзината реализација, за доброто на сите нас, и доброто на УКИМ и нашата држава.